

# NEWSLETTER

**Јануари 2024** **Бр.1**

## Одржана прес конференција во врска со тужбата на АВМУ против Министерството за информатичко општество и администрација




Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 15 јануари, одржа прес конференција на која ја извести јавноста дека поднесе тужба против Министерството за информатичко општество и администрација кое континуирано го прекршува Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со што го загрозува функционирањето на целиот аудиовизуелен сектор. Со измените на Законот од јули минатата година, чијшто предлагач е токму ова Министерство, точно се утврди висината на средства коишто се издвојуваат од Буџетот на државата за финансирање на радиодифузната дејност, наменети за работењето на Агенцијата, Македонската радиотелевизија и ЈП Македонска радиодифузија.

Спротивно на законската обврска, Министерството за информатичко општество и администрација, префрлува помалку средства од законски пропишаните, односно за последниве шест месеци регулаторот има добиено 4.812.030,00 денари помалку. Негативната пракса на намалување на средствата трае подолг период, бидејќи Министерството за информатичко општество и администрација и пред донесувањето на последните законски измени, префрлуваше помалку средства, користејќи го дискреционото право овозможено со претходниот закон. Ваквото произволно намалување на финансирањето претставува директно прекршување на Законот и ги доведува во прашање не само независноста, туку и извршувањето на надлежностите на Агенцијата.

По усогласувањето на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со најновите европски стандарди и прописи, Агенцијата доби дополнителни обврски така што сега е надлежна и за други субјекти на пазарот, како што се платформите за споделување видеа и инфлуенсерите. Прекршувањето на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги создава правна несигурност, негативно се одразува врз работењето на Агенцијата, на МРТ и на МРД, но и на целиот аудиовизуелен сектор. Почитувањето на Законот е предуслов за позитивен напредок во евроинтеграциските процеси, но и за пристап на македонските медиуми, организации и здруженија до европските фондови наменети за развој на аудиовизуелната област и културата, чиј вкупен буџет во рамки на Програмата Креативна Европа 2021-2027 е скоро 2 ипол милијарди евра. Токму затоа, Агенцијата во два наврати се обрати до Министерството, меѓутоа и двете обраќања завршија безуспешно, поради што, за да ги заштити своите права, поднесе тужба пред Основниот граѓански суд Скопје.

## Трошоци на директорот на Агенцијата за втората половина на 2023 година

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно заложбите за транспарентност и отчетност и следејќи ја воспоставената пракса на секои шест месеци да ги објавува трошоците на директорот д-р Зоран Трајчевски, во јануари ја извести јавноста дека директорот Трајчевски, при вршење на својата функција, во периодот од 01.07.2023 – 31.12.2023 година има направено трошоци во вкупен износ 237.207,00 денари и тоа по следните ставки: трошоци за репрезентација (угостителски услуги со претставници на амбасади, членови на Советот на Агенцијата и деловни партнери) – 123.390,00 денари, службен мобилен телефон – 16.185,00 денари и трошоци при патувања во странство – 97.632,00 денари (25.610,00 денари за авионски билети и 72.022,00 денари за хотелско сместување).

## Соопштенија за јавност

На 25 јануари, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку соопштение најостро го осуди инцидентот во Општина Чашка во кој телевизиската екипа на Алсат-М беше спречена да го сними протестот против воведување паралелка на албански јазик во основното училиште, како и да влезе во објектот на општината. Во соопштението беше посочено дека на новинарите и на медиумите мора да им се овозможи слободен и непречен пристап до сите настани, имајќи ја предвид нивната круцијална улога во информирањето за прашања од јавен интерес и во обезбедување транспарентност и одговорност. Агенцијата потсети дека секое попречување на работата на медиумите претставува директно загрозување на слободата и правото на информирање.



*NEWSLETTER*

На 26 јануари, Агенцијата преку соопштение за јавност информираше дека обезбеди донација од 5 милиони денари за активности и содржини на Истражувачката репортерска лабораторија, непрофитна медиумска организација чие што известување е фокусирано на корупција, криминал и добро владеење. Овие активности се вклопуваат со целите и вредностите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да ги штити интересите на граѓаните, да обезбеди квалитетни информации и плурализам во известувањето и да поддржи постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Истражувачката репортерска лабораторија во наредниот период во рамки на оваа донација, ќе го примени иновативниот модел на мултимедијално раскажување, за да известува за теми кои се важни за граѓаните и ќе им помогнат да носат информирани одлуки – политичка пропаганда за време на избори и владеење на право.

## Надзори врз радиодифузери, печатени медиуми и оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

### Радиодифузери

Вонреден административен надзор за исполнувањето на обврските од членот 62 став 6 од ЗААВМУ, членот 21 и членот 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување е извршен врз телевизиите Кобра, Гурра, Калтрина и радијата Хит ФМ, Цез ФМ и Балкан ФМ. Надзорот покажа дека радијата Хит МФ и Балкан ФМ не ги исполнуваат минималните кадровски услови утврдени во Правилникот, поради што за двете радија беше покрената постапка за одземање на дозволата. Врз радиото Хит ФМ, извршен е дополнителен вонреден административен надзор врз основа на одлуката на Советот на Агенцијата со која се прифати барањето на радиото за одложување на одлучувањето за одземање на дозволата за радио емитување, кој покажа дека радиото Хит ФМ ги исполни минималните кадровски услови утврдени во Правилникот. Врз радиото Балкан ФМ беше извршен контролен административен надзор кој покажа дека и овој радиодифузер ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

По добиена претставка, извршен е вонреден програмски надзор врз Метрополис радио за почитувањето на обврската за употреба на јазикот во програмата, кој покажа дека во емисијата „Радио аукција“ емитувана на 9, 10, 11, 12 и 13 јануари, најавите на водителот се емитувани изворно на хрватски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик. За стореното прекршување на радиото му е изречена мерка јавна опомена.

### Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Агенцијата изврши редовен програмски надзор врз операторите Кабел ДОО, Мултимедиа-Нет, Инел Интернационал, Глобалсат, Кабел-Л-Нет, КДС-Кабел Нет, Сигнал-Нет и Траншпед Трејд за обврската во програмскиот пакет којшто го реемитуваат задолжително и бесплатно да ги обезбедат програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, како и за обврските за регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат. При надзорите не се констатирани прекршувања.

### Печатени медиуми

Агенцијата спроведе контролен административен надзор врз печатениот медиум „Народен Лекар“ за да утврди дали е постапено по Решението за преземање мерка јавна опомена, упатено заради не објавување точен датум на печатење во изданието број 591. Со надзорот беше констатирано дека печатениот медиум во целост постапил по јавната опомена.